# „Дали да ви кажам што е подобро од степенот на постот, намазот и садаката?“

Ебу Дерда, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дали да ви кажам што е подобро од степенот на постот, намазот и садаката?“ Рекоа: „Да.“ Тој рече: „Поправањето на меѓучовечките односи. Зашто нарушените односи се како ‚жилетот.‘“
[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги прашал асхабите: „Дали да ви кажам што носи поголема награда од многу доброволен пост, намаз и садака?“ Тие рекле: „Да.“ Тој рекол: „Поправањето на односите меѓу скараните, бидејќи кавгата предизвикува поделби, студенило, омраза и отуѓување меѓу луѓето. Нарушените односи носат омраза која ја уништува и верата и животот, како што жилетот ја бричи од корен косата.“

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66252